**З А П И С Н И К**

**од 3-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 13.11.2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Ѓоко Камчев и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 3-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година;
2. Предлог - План на програмите за развој;
3. Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови;
4. Предлог – Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово
5. Предлог – Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025;
6. Предлог – Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година;
7. Предлог – Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година;
8. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата;
9. Предлог – Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишен одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово;
10. Предлог – Решение за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово;
11. Предлог – Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово
12. Предлог – Одлука за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Градоначалникот на Општина Валандово Ѓоко Камчев зема збор и предложи да се додаде дополнителна точка на дневниот ред:

Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор(ПСЕЕП)

Од негова страна точката беше образложена. Рече дека станува збор за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност, проект кој е предвиден уште во 2022 година со кој ќе се опфатат зградата на Општина Валандово и Културниот дом ,,25 ти Мај ,, Валандово. Износот на целиот проект е во вкупна висина 23 087 339 денари од кои 18 469 871 се заем (80%) додека 4 617468 денари се грант(20%). Нагласи дека заемот има грејс период од завршувањето на проектот и со средствата од заштедата од енергетската ефикасност заемот ќе се отплтува.

Дополнувањето на дневниот ред со Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор(ПСЕЕП) беше ставено на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беше усвоен.

Никој друг не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, па истиот со дополнувањето од 13-та точка беше ставен на гласање и едногласносо 15 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година, образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Мартин Мишков. Рече дека според К1 образецот општината има околу 14 000 000 денари доспеани обврски, па сака да знае која е ликвидноста на општината и дали Општината ги има овие средства за подмирување на истите.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека структурата на к2 образецот е на обврски до 30 и до 60 дена. Сите обврски над 60 дена преминуваат во доспеани обврски. Ликвидноста е прикажана во К1 образецот, реализацијата на приходи е 67% а реализацијата на расходи е 64%.Секој прилив е приход, секој одлив е расход во буџетското работење.

Надица Недиќ се јави за збор. Р3ече дека од Кварталниот извештај може да видиме едно стабилно финансиско работење и посебно го истакна финансирањето во капитални проекти како што се кино сала, водовод во Калково, улици и патишта, партерно уредување на просторот околу споменикот во Валандово,изградба на детската градинка во Пирава, улицата кај Полициската станица,изградба на градскиот базен и др. Овие проекти директно го подобруваат животот на граѓаните . Исто така рече дека важно е да се спомне видливоста на враќањето на средствата кај граѓаните преку најразлични трансфери, како што се трансферите кон спортските клубови, бесплатните градинки, кон учениците за упис во средно и основно образование. Рече дека искрено се надева дека новиот градоначалник ќе ги продолжи започнатите проекти бидејќи се важни за сите граѓани на Општина Валандово. Рече дека континуитетот е доста важен и секој започнат проект вреди да се заврши без разлика на било какви политички промени.

Перо Наков се јави за збор. Во врска со точка 6 кај капиталните расходи за културниот дом износот од 4 649 000 денари, праша дали истиот е завршен проект и дали се платени обврските за него.

Раководителката Марија Чурлинова Јорданова одговори дека има за плаќање уште 3 940 000 и тоа е така бидејќи фактурите сега се доствени за плаќање.

Градоначалникот Ѓоко Камчев зема збор. Рече дека се што е започнато нема да биде стопирано, но треба да се внимава на ликвидноста, да се почека крај на годината. Рече дека тој смета дека финансиската состојба е тешка и 90% од обврските не се исплатени и овие средства што ги имаме не се доволни за да се спроведе се. Поради изборите нешто не можело да се плаќа, но нешто можело, но не се плаќало поради недостиг на средства. Затоа рече дека прво треба да се заврши годината, па ќе се види што ќе се прави.

Претседателката на Совет Марија Чурлинова праша дали овие 14 000 000 носат дополнителни обврски по и дополнително оптоворавување на Општина Валандово.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека досега нема оптужено по ниедна обврска од тие што се доспеани . За ликвидноста рече дека не може да таа бидејќи таа не учествува во процесот на одлучување, за тоа кои обврски ќе бидат платени во наредниот период зависи од менаџерското управување. Ова се само обврските до 30. 09. 2025 година.

Мартин Мишков се јави повторно и рече дека ако се погледне убаво Во Извештајот ќе се види дека во август сме имале 14 000 000, а сега уште 900 000 денари. И праша дали Општината има ликвидност да ги реализира овие обврски.

Немаше други пријавено за дискусија па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Предлог - Планот на програмите за развој повторно образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови образложение даде Анита Трајкова.

Никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и беше изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово повторно образложение даде Анита Трајкова. Рече дека се работи за една просторија во собраниската зграда со квадратура од 17 м2 која ќе се даде на користење на Управата за водење на матичните книги.

Градоначалникот зема збор. Рече дека канцеларијата која што сега ја користи Управата за водење на матичните книги е многу мала и е на вториот кат. Тие ќе се симнат на првиот кат, а во нивната канцеларија ќе се смести подрачната единица на Централниот регистар. Како општина во интерес на сите е да се подобрат услугите за сите граѓани и треба да се трудиме да се издејствува да се направи нов и пофункционален распоред на целата зграда. Сите служби кои работат со странки да бидат на долниот кат.

Немаше други пријавено за дискусја, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025 образложение даде Анита Трајкова.

Немаше пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и едногласно беше изгласан.

ТОЧКА 6

По Предлог – Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година повторно образложение даде Анита Трајкова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Крсте Тодоров. Рече дека ова е трета измена на елаборатот. Рече дека треба да се заложиме со сите механизми да се одобрат овие средства.

Градоначалникот Ѓоко Камчев се јави повторно со констатација дека претходниот состав во ноември 2021 година некои членови не биле повикувани на терен. Сега се работи за технички и административни грешки, не е проблем Владата. Ќе се сработи квалитетно и ќе се исплати во најскоро време.

Ерсан Фетиков ја праша општинската администрација кој бара да се намалат цените и процентот .

Анита Трајкова одговори дека елаборатот е вратен од комисијата на Влада бидејќи приносот на тутунот бил напишан 25 тони по хектар, а реално треба да биде 2,5 тони по хектар, а приносот од бадем бил 7000 кг. по декар а треба да биде по хектар . Цената на бостанот од 50 денари треба да биде корегирана на 30 денари по кг., а цената на дуњата од 100 ден треба да биде корегирана на 50 денари.

Немаше други пријавено за дискусја, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог – Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година за корекција на принос од бадем и орев немаше други пријавено за дискусја, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог-Одлука за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков даде образложение.Рече дека на седницата на Комисијата за мандатни прашања за членови беа предложени: Гордана Кочева, Кристијан Тенеќеџиев, Александар Павлов, Окан Абдулов и Слободанка Ѓорѓова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

Од страна на Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, за претседател беше предложена Гордана Кочева.

Предлогот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН беше изгласан.

ТОЧКА 9

По Предлог – Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишен одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков рече дека беа предложени:

Сашко Нунов, Кирил Димов и Валентина Зајкова.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

ТОЧКА 10

По Предлог – Решението за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков рече дека беа предложени:

Игор Ширтовски, Слободан Милошевски,Иван Глигоров, Ѓурѓица Чичанова и Станка Бајлозова Барламова.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

За претседател беше предложен Игор Ширтовски.

Предлогот беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА ,0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

ТОЧКА 11

По Предлог – Решението за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Калинка“претседателот на Комисијата за мандатни прашања Мартин Мишков рече дека беа предложени:Марија Зајкова, Марија Занова и Слободанка Ѓорѓова.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

ТОЧКА 12

По Предлог–Одлуката за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово предложени беа: Данче Коцевска, Верица Кирова и Вангелија Дулгерова Маркова.

Предлозите беа ставени на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беа изгласани.

ТОЧКА 13

По Предлог Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност образложение даде Анита Трајкова. Рече дека со овој проект ќе се опфатат зградата на Општина Валандово и Културниот дом ,,25 ти Мај ,, Валандово.На Општинската зграда ќе се направи замена на кровната конструкција, ќе се постави топлинска изолација на надворешните зидови, ново електрично осветлување, фотоволтаични панели. На културниот дом ќе се постави топлинска изолација на надворешните зидови, замена на прозорци, поставување на котел за греење. Износот на целиот проект е во вкупна висина 23 087 339 денари од кои 18 469 871 се заем (80%) додека 4 617468 денари се грант (20%), а заемот има грејс период 3 години од завршувањето на проектот и со средствата од заштедата од енергетската ефикасност заемот ќе се отплтува.

Никој не се јави за дискусија, па точката беше ставена на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА беше усвоен.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово
Претседател
Марија Чурлинова